# Европа *за* жените



Европска Унија

Оваа брошура и други кратки и јасни објаснувања за ЕУ можете да најдете
на интернет-страницата: ec.europa.eu/publications

Европска комисија
Генерален директорат за комуникации
Публикации
1049 Брисел
БЕЛГИЈА

Ракописот е завршен во декември 2009

Илустрации: cecilebertrand@cartoonbase.com

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европска Унија, 2011

20 pp.— 12 × 18.5 cm
ISBN 978-92-79-19661-4
doi: 10.2770/10117

© Европска Унија, 2011
Дозволена е репродукција. За користење или репродукција на
поединечните цртежи, дозвола мора да се добие директно од носителите
на авторските права.

Печатено во поранешна Југословенска Република Македонија

# Европа *за* жените

Во *„Европа за жените“* ќе прочитате за неколку од многуте области во кои секаде во Европа се спроведуваат активности што значително влијаат врз прашањата што се важни за сите, а особено за жените. Без оглед дали се работи за родова еднаквост или права на потрошувачите, рамнотежа во професионалниот и приватниот живот или подобри здравствени стандарди, одлуките на ЕУ внесуваат вистински промени во вашиот живот и вашата иднина.



# Цврста определба за родова еднаквост

*Законите на ЕУ гарантираат еднакви можности за жените*

Еднаков третман на жените и мажите е еден од принципите врз кои беше поставена Европската Унија во 1957 г., кога со Договорот од Рим се утврди принципот на еднаквост. Од 1970-тите до денес, европските и националните закони ги проширија можностите за изборот на жените и го подобрија нивниот живот. Бројот на вработени жени постојано расте, па така од 2000 г. жените работнички пополнуваат три четвртини од милионите нови работни места што се отвораат во Европа. Денес девојчињата учат повеќе од момчињата и претставуваат 59% од студентите што дипломираат на универзитетите во ЕУ.



Но и покрај тоа, жените сѐ уште заработуваат 17% помалку од мажите и сѐ уште се во помал број на позициите каде што се донесуваат политички одлуки и на високите раководни места.

Затоа, ЕУ ги засилува активностите за отстранување на дискриминацијата и постигнување родова еднаквост. Најважни цели на овие активности се рушење на стереотипите и економска независност на жените која ќе ја постигнат така што ќе работат, ќе заработат сопствен приход и ќе имаат еднакви права на придонеси.

Програмите на ЕУ го поддржуваат остварувањето на овие цели со финансиска помош. Исто така, ЕУ воспостави мрежа на жени на раководни позиции за да го забрза пристапот на жените до моќ, а во тек е и основањето на Европски институт за родова еднаквост.

# Зелена иднина за зелената планета

*Европа го презема водството во глобалните напори да се сопрат климатските промени*

Каков свет ќе им оставиме на нашите деца? Ова прашање загрижува. Секоја генерација носи одговорност барем малку да го подобри животот на следната генерација, но забрзувањето на климатските промени претставува реален ризик дека нашите потомци ќе мора да се справуваат со зголемено ниво на морињата, недостаток на храна и вода, повеќе заболувања и сериозни социјални немири.

Но, сè уште не е доцна да го спречиме ова. ЕУ навреме ја сфати сериозноста на климатските промени. Прва почна со активности на светско ниво, а договори и конкретни мерки за намалување на сопствените емисии на гас со кои се предизвикува ефектот на стаклена градина, за најмалку 20% до 2020 г.

Европските истражувања овозможуваат да се развијат нови начини за создавање обновлива енергија од ветер, вода, сончева енергија и биогорива, истовремено создавајќи работни места. Многу од ова може да се постигне со локални иницијативи од мал обем, а новите успешни технологии можат да се користат низ цела Европа.



# Кога жената е шеф

*ЕУ им помага на жените да започнат сопствен бизнис*



Во цела Европа, многу повеќе мажи отколку жени имаат свој бизнис и раководат со компании. 8% од женската работна сила се жени-претприемачи, додека кај мажите овој процент изнесува 16%. Жените често се соочуваат со поголеми пречки кога бараат финансиски средства и кога ги започнуваат и прошируваат своите мали бизниси: најновите бројки покажуваат дека е трипати поверојатно маж да биде самовработен и да има вработено персонал. Европската Унија верува дека претприемачкиот талент на жените може да го зајакне нејзиниот напредок, и затоа уште од 1980-тите Европа обезбедува практична поддршка за жените што сакаат да започнат сопствен бизнис. Една иницијатива, што започна во 2004 г., има за цел да го зголеми бројот на нови компании со кои раководат жени.

Европската мрежа на ЕУ, чија цел е промовирање на претприемништвото на женската популација, се состои од владини претставници што се одговорни за промовирање на женското претприемништво. Оваа мрежа има свои членови во 30 европски земји кои обезбедуваат водство, поддршка и контакти за жените-претприемачи и им помагаат да достигнат повисоко ниво и да го прошират своето работење.

Преку Европскиот социјален фонд жените можат да добијат специјализирана обука и менторство. Исто така, ЕУ отвори и портал за жени-претприемачи, преку кој се поттикнува вмрежувањето меѓу жените-претприемачи во и меѓу европските земји.

# Продавницата за играчки на ЕУ

## *Се дава приоритет на заштита на децата преку правила за безбедни играчки*

Сите родители добро знаат колку децата сакаат нови игри и забава. Поставувајќи високи стандарди за производството и продажбата на играчки, ЕУ се грижи за интересите на потрошувачите и осигурува децата да бидат безбедни.



Правилата на ЕУ ги обврзуваат производителите и дистрибутерите да осигурат дека производите што ги пласираат на пазарот се безбедни, при што критериумите за играчките се особено строги. Надлежните органи во посебните земји прават проверки за да осигурат дека овие барања се почитуваат. Кога во една земја ќе се најде производ што не ги исполнува барањата, преку систем на брзо тревожење се осигурува тој производ веднаш да биде повлечен од продавниците низ цела Европа.

Грижите во врска со некои увози од други земји доведоа до тоа ЕУ да го заостри својот пристап кон ова прашање. Сега, на пример, играчките што содржат магнети мораат на себе да имаат предупредување за опасностите што ги предизвикуваат. Потенцијалните ризици мора рано да се утврдат. ЕУ особено презема мерки за да осигури производителите и извозниците - како на пример САД и Кина – да усвојат високи стандарди за безбедност. Добросостојбата на децата мора да претставува приоритет низ целиот синџир на набавки.

# Обединет фронт во тешки времиња

*ЕУ се бори со економската криза преку координирани национални активности*

Поради кризата Европејците се загрижени за своето издржување. Луѓето ја почувствуваа кризата во цела Европа, а жените се особено ранливи.

Сега знаеме дека виновни за најголемата економска криза во нашиот животен век, со огромни импликации врз вработеноста и личните приходи, се економските и финансиските неумерености низ целиот свет. ЕУ реагираше брзо, ги обедини владите во нивните напори да се борат со кризата и во економијата вбризга милијарди евра за да ја зголеми побарувачката и одново да ја изгради довербата. Презеде и чекори за да ја гарантира стабилноста на финансискиот систем, а еврото им помогна на малите земји да ги пребродат економските маки.

Унијата им помага и на граѓаните да се справат со последиците од кризата. Европскиот социјален фонд секоја година поддржува 10 милиони лица – од кои повеќе од половина се жени – да научат нови вештини и да најдат вработување, како и да ја надминат нееднаквоста на работното место.

Мораме да продолжиме понатаму и низ практични чекори да ги зајакнеме социјалната солидарност и стабилност, да го подобриме образованието и да овозможиме човечките вештини да се развиваат со полн капацитет. Кризата ни даде можност да научиме вредни лекции и да одлучиме отсега натаму како сакаме да го градиме нашето економско опкружување, и како најдобро да ги поддржуваме европските компании и да им овозможиме да напредуваат, а при тоа социјалните прашања да останат високо во нашиот фокус.



# Заштита на жените од насилство

*ЕУ се бори со трговијата со луѓе, злоупотребата и насилството врз жените*

Не е прифатливо насилство врз жените во каква било форма. Па сепак, врз животот на многу жени и девојки во Европа и натаму паѓа сенката на агресија или експлоатација. Тие се жртви на домашно насилство или сексуална злоупотреба, или трговија со луѓе и присилна проституција, или се заплашувани и угнетувани – а со тоа се крши нивното основно право на слобода, достоинство и безбедност.

Преку меѓународна соработка меѓу полицијата и судиите и напредна размена на информации, ЕУ се бори да ги сосече корењата на трговијата со луѓе и трага по криминалните банди што ги злопотребуваат жените. За да се бори со организираниот криминал, ЕУ соработува со надлежните органи, во регионите како Балканот и во други области. Искоренувањето на сиромаштијата во земјите во развој, исто така, придонесува жените да бидат помалку подложни на експлоатација. Жените што се жртви на трговија со луѓе може да добијат помош од фондовите на ЕУ преку обрзование, обуки и вработување со цел да се реинтегрираат во општеството.

Европската комисија спроведува програма што се нарекува Дафне (Daphne), а чија цел е заштита на жените, децата и младите лица од сите облици насилство. Со оваа програма се финансираат проекти за прибежишта и здравствени институции за жени, како и напори за менување на ставовите и заштита на жените во малцинските мигрантски и етнички групи.

# Рамнотежа во професионалниот и личниот живот

## *ЕУ им помага на луѓето да ги усогласат барањата на работното место и домот*

Усогласувањето на работата со грижата за децата и за други членови од семејството е многу важно прашање за жените, а сè повеќе и за мажите. Сепак, распределбата на одговорностите во домот е сè уште доста нерамноправна, поради што на жените им е потешко да напредуваат во кариерата. Во ЕУ само 67% од жените со мали деца одат на работа, споредено со 92% од мажите.



ЕУ промовира подобра врамнотеженост меѓу професионалниот, приватниот и семејниот живот, за секој да може да планира семејство, или да се грижи за други роднини, без притоа да се соочи со стрес или сиромаштија. Постојат закони кои ги заштитуваат хонорарните работници, самовработените и сопружниците-соработници, со кои се утврдени и минималните стандарди за мајчино отсуство или родителско отсуство.

Земјите-членки на Европската Унија си поставија за цел да воведат виско-квалитетни услуги за грижа за децата низ цела Европа. Во тековната економска криза, од особена важност се решителните политики со кои се обезбедува интересите на жените да не се тргнат настрана.

# Контролирање на опасните хемиски супстанци

*Постојат нови правила за безбедност за околу 30 000 потенцијално опасни супстанци што се користат во Европа*

Во денешниов свет, хемиските супстанци нè опкружуваат на секој чекор: тие се од витално значење во производството на сите производи, од облека до ТВ приемници. По широки јавни расправи, ЕУ одлучно презеде активности за да ги заштити луѓето од ризиците што ги наметнуваат овие супстанци.

Амбициозната регулатива REACH Регулатива за регистрација, евалуација, авторизација и рестрикција на хемикалии (Regulation on Registration, Evaluation, Authorisation and Restriction of Chemicals) со која се уредува регистрирањето, евалуацијата, авторизацијата и забраната на хемиските супстанци, стапи во сила во 2007 г. и ќе доведе до исклучување на опасните материи од употреба. Со неа се отвораат сосема нови можности за задолжување на индустријата да прибира информации и да ја гарантира безбедноста на хемиските супстанци.

Диоксините – штетни хемиски супстанци кои можат да се создадат при одредени индустриски или домашни процеси - предизвикаа низа здравствени ризици во поблиското минато. Дури и во мали количини, можат да нанесат штета на животната средина и на човековото здравје, бидејќи го нарушуваат имунитетот и ги оштетуваат нервниот и хормоналниот систем и репродуктивните функции. ЕУ усвои сеевропска стратегија за борба со оваа закана, а работи и глобално за да се спротистави на ослободувањето вакви долготрајно отровни супстанци.

Европа, исто така, има клучен придонес во поттикнувањето на индустријата да воведе повеќе видови биоразградлива пластика за ќеси, чаши, амбалажа за храна, саксии за цвеќиња и стотици други полимерни производи кои потрошувачите ги земаат здраво за готово.



# За подобро здравје

## *Владите, лекарите и експертите во ЕУ работат заедно за да ги подобрат здравствените стандарди во цела Европа*

Здравјето е област во која европските земји можат да работат заедно за да најдат решенија за заедничките проблеми. Жените во Европа носат одредени заеднички ризици по здравјето.

Ракот е втората најчеста причина за смртност во ЕУ, а ракот на дојка, матката и на дебелото црево се одговорни за околу 32% од смртноста кај жените. Унијата ги охрабрува земјите- членки да воведат обемни скрининг програми за рано дијагностицирање и зголемување на стапката на преживеани во ЕУ кои ќе содржат и процес за осигурување на квалитетот. Секоја година се прават околу 51 милион скрининг прегледи, но овој број мора двојно да се зголеми за да се опфатат сите ризични групи.

Дебелината е сериозен проблем во Европа и за возрасните и за децата. Бројот на деца со прекумерна тежина во Европа годишно се зголемува за 400 000. ЕУ започна иницијативи чија цел е да поттикнат здрав начин на живот уште од мали нозе, на пример преку програми со кои се доставува млеко и свеж зеленчук и овошје до децата од училишна возраст.



# Се грижиме за интересите на потрошувачите

*Мерките на ЕУ за безбедност на храната им помагаат на Европејците да добијат информации за да можат да направат избор*

Ризиците во храната, без оглед дали се диоксини во свинското месо или пестициди во овошјето, ги загрижуваат Европејците и можат да предизвикаат сериозни проблеми, особено кај децата и постарите лица.

ЕУ спроведува широка палета мерки за да осигури дека секаде во Европа храната е безбедна за јадење, но и за да поттикне здрав начин на исхрана. Мерките го опфаќаат целиот синџир на набавка на храна, воведуваат стандарди и предвидуваат следење на здравјето и добросостојбата на животните, растенијата и културите, како и на увозот на храна.

Европа поставува строги правила за органско производство и ги спречува производителите на „здрава храна" или производи за намалување на телесната тежина, да даваат неточни и неиздржани изјави. Законските прописи на ЕУ за означување на составот на прехранбените производи им овозможуваат на потрошувачите да донесат информирана одлука кога купуваат храна.



# Како да стапите во контакт со ЕУ

europe direct

## НА ИНТЕРНЕТ

Информации на сите официјални јазици на Европската Унија се достапни на интернет-страницата Europa: **europa.eu**

## ПОСЕТЕТЕ НЀ ЛИЧНО

Низ цела Европа постојат стотици локални информативни центри на ЕУ. Адресата на најблискиот информативен центар можете да ја најдете на интернет-страницата Europe Direct: **europedirect.europa.eu**

## ЈАВЕТЕ НИ СЕ ИЛИ ОБРАТЕТЕ НИ СЕ ПИСМЕНО

**Europe Direct** е службата што ќе ви даде одговор на вашите прашања за Европската Унија. Со оваа служба можете да стапите во контакт на бесплатниот телефонски број **00 800 6 7 8 9 10 11**, или на **+32 2 299 96 96** за повици надвор од ЕУ што се наплатуваат, или со електронска пошта преку интернет-страницата: **europedirect.europa.eu**

## ЧИТАЈТЕ ЗА ЕВРОПА

Публикациите за Европската Унија ви се на дофат на интернет- страницата на Книжарницата на ЕУ: **bookshop.europa.eu**

Информации и изданија за Европската Унија на англиски јазик можете да добиете и од:

**Информативен центар на Европската Унија**
М.Х.Јасмин 52в
1000 Скопје
Тел./Факс. 02/3296-363
Интернет: www.euic.mk
E-mail: euinfo@euic.mk

**Делегација на Европската Унија**
М.Х.Јасмин 52в
1000 Скопје
Тел. 02/3248 500
Факс. 02/3248 501
Интернет: www.delmkd.ec.europa.eu
E-mail: Delegation-FYRMacedonia@ec.europa.eu

**ЕУ Инфо точка - Гостивар**
Браќа Гиновски 61
1230 Гостивар
Тел./Факс. 042/218-167
E-mail: gostivar@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Кочани**
Раде Кратовче 1
2300 Кочани
Тел. 033/279-554
Факс. 033/279-962
E-mail: kocani@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Куманово**
11 Октомври бб
1300 Куманово
Тел./Факс. 031/475-800
E-mail: kumanovo@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Кавадарци**
Маршал Тито бб
1430 Кавадарци
Тел./Факс. 043/416-107
E-mail: kavadarci@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Битола**
1 Мај бб
7000 Битола
Тел./Факс. 047/234-234
E-mail: bitola@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Велес**
Панко Брашнар 1
1400 Велес
Тел. 043/232-406; лок. 226
Факс. 043/232-966
E-mail: veles@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка - Тетово**
Дервис Цара бб
1200 Тетово
Тел. 070/548-576
E-mail: tetovo@euinfopoint.mk

**ЕУ Инфо точка** при Националната и универзитетска библиотека **"Св. Климент Охридски"**
Бул. Гоце Делчев бр.6, 1000 Скопје
Тел. 070/703-029, 02/3226-846
Факс. 02/3226-846
E-mail: nul@euinfopoint.mk

**EU*i* - Скопје**
Економски Факултет,
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје
Тел. 02/3286-835 Факс. 02/3118-701
Internet: www.eccf.ukim.edu.mk
E-mail: eui-sk@eccf.ukim.edu.mk

**EU*i* - Тетово**
Универзитет на Југоисточна Европа,
Илинденска бб, 1200 Тетово
Тел. 044/356-205 Факс. 044/356-001
E-mail: eui-te@seeu.edu.mk

**EU*i* - Битола**
Факултет за Администрација и Менаџмент
на Информациски Системи - Битола
Партизанска бб, 7000 Битола
Тел. 047/259-923
Факс. 047/259-917
E-mail: eui-bt@famis.edu.mk

# Европа *за* жените

Во „Европа за жените“ ќе прочитате  за неколку од многуте области во кои секаде во Европа се спроведуваат активности што значително влијаат врз прашањата што се важни за сите, а особено за жените.  Без оглед дали се работи за родова еднаквост или права на потрошувачите, рамнотежа во професионалниот и приватниот живот или подобри здравствени стандарди, одлуките на ЕУ носат вистински промени во вашиот живот и вашата иднина.



Publications Office

MK-32-11-684-MK-C
ISBN 978-92-79-19661-4
9 789279 196614